ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; Matični broj: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122; IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4;
SWIFT: PBZGHR2X; www.zmurh.hr ; e-mail: info@zmurh.hr ; zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 68 – 1/2006
Загреб, 06. 05. 2006.

# З А П И С Н И К

од **8. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **06.05.2006. година** со почеток во **12.15 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни:** С. Сагадин – Пула – претседателка на Заедницата, А. Митревски (со писмено овластување како замена на претседателот В. Апостолски) – Сплит, М. Гавровски – Загреб, М. Мајиќ – Задар, Ј. Цветичанин – Осиек и Н. Гроздановски – Загреб.

**Отсутни:** И. Христодулов – Риека.

**Гости:** Е. Петровска – секретарка на Заедницата, М. Паризоски – дописник на „М. глас“ – Загреб.

Седницата ја водеше прет. на УО на Заедницата, С. Сагадин. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки (И. Христодулов телефонски го оправда своето отсуство поради смртен случај), таа ги поздрави сите присутни, го прочита дн. ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, со дополнување на уште една точка 1.а. на предлог од Н. Гроздановски, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 7-тата. седница;

1.а. Соработка на МКД-а со ЗМРХ и со другите асоцијации во РХ;

2. Анализа на активностите на Заедницата и друштвата од претходната (7.) седница до денес – друштвата се должни својата анализа да ја поднесат на седницата во писмен облик во 7. копии (една останува како прилог на записникот во архивата на Заедницата, една се доставува до Амбасадата на РМ во РХ, а останатите 5 копии друштвата меѓусебно ги разменуваат);
3. Усвојување на записникот од Инвентурната комисија и донесување одлуки по предлозите на таа комисија;
4. Усвојување на „Планот и програмата на работата за 2006. година со финансиска конструкција„ и донесување на одлуки за остварување на планираните програми во наредниот период (формирање работни тела);
5. Усвојување на „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.03.2006. godine“;

6. Донесување на одлука за зголемување на примањата на адм. секретарка на Заедницата Елизабета Петровска и изработка на попис за обемот на работните задачи за тоа работно место;
7. Донесување на „Финансиски план на Заедницата„ за периодот од 01.04.2006. до 31.12.2006. година;
8. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** записникот од 7. седница на УО на Заедницата.

**Ад. 1.а.** Претс. С. Сагадин му даде збор на Н. Гроздановски кој рече дека досегашната соработка помеѓу друштвата и Заедницата како и помеѓу другите асоцијации во РХ не е доволно развиена и дека треба да се поработи на проширување и збогатување на таа соработка која ќе овозможи настанатите заеднички проблеми поефикасно да се решаваат, а на тој начин и реализираните активности ќе бидат поуспешно јавно презентирани и афирмирани. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Во договор на МКД-а од Сплит и Задар, за настап на пеачката група од МКД од Сплит на манифестацијата „Меѓународен ден на културните различности„ која ќе се одржи во Задар на 21.05.2006. година, Заедницата да ги плати патните трошоци на МКД од Сплит во максимален износ од 1.000,00 кн.;
- Доколку се добијат финансиски средства од Министерството на култура на РМ за реализирање на културни манифестации, од тие средства 15.000,00 кн. да се уплатат на МКД од Сплит за реализација на нивната културна манифестација „Денови на македонската култура „Кирил и Методи„ или тој износ да се подмири од средствата кои се наменети за „Илинден„ со претходна консултација со Советот за нац. малцинства за одобрување на таа пренамена;
- Да се даде писмен предлог до Советот на мак. нац. малцинство на Град Загреб да осмисли и организира тркалезна маса со тема „Соработка на сите македонски асоцијации во РХ„.

**Ад. 2.** Сите анализи беа предадени освен анализите од Риека и Сплит кои ќе бидат доставени накнадно (прилог). Бидејќи досегашните анализи кои се правени опфаќаат и извршување на други работи освен активностите на Заедницата и друштвата, А. Митревски даде предлог анализите во иднина да се преименуваат во „Информатор за работата и активностите на Заедницата и/или друштвата од претходната седница до денес„ кој предлог беше како одлука со јавно гласање **едногласно усвоен** од членовите на УО. Во оваа точка беше потврдена и одлуката на УО на Заедницата за исплатувањето на половина дневница за делегатите на Собранието на Заедницата. Во износот на патните трошоци за Пула од трошковникот за Собранието, беа засметани 400,00 кн. повеќе, кои и беа исплатени на адм. секретарка за хранарина за 03. и 04. 2006. година;

**Ад. 3.** Е. Петровска ги запозна присутните со спроведената инвентура на имовинската состојба на Заедницата од страна на инвентурната комисија (прилог). По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Усвоен е записникот од состанокот на инвентурната комисија на Заедницата;
- По предлогот на инвентурната комисија, се извршува отпис на принтерот Epson stylus C43UX (прилог бр. 4.);
- Инвентурата во иднина да не се врши ретроградно, туку со тековниот датум на денот на кој ќе биде извршена.

**Ад. 4.** По краткото излагање на претс. С. Сагадин, дека предлог-програмите за 2006. год. од Заедницата и друштвата се навреме предадени во Советот за нац. малцинства, дека Советот одржа комисиски состанок за рапределба на средствата со кои ќе бидат финансирани програмите и дека таа Одлука е донесена и прифатена со потпишувањето на Договорот помеѓу Советот и Заедницата (вкупниот износ на средствата е зголемен за 16% во однос на минатата година), членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** „Планот и програмата на работа во 2006. год. со финансиска конструкција„ (прилог), по што се проведе анализа на истиот, и за кој членовите на УО **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Да не се врши трансфер на средствата кои се добиени на ниво на Заедницата за манифестацијата „9. Денови на браќата Миладиновци„ во Осиек и Ѓаково, туку настанатите трошоци да подмират директно преку Заедницата. Членови на организацискиот одбор за оваа манифестација се: Ј. Цветичанин, М. Грбавица, З. Мишо Папо, С. Сагадин и Е. Петровска;
- Како носител на организацијата за манифестацијата „Илинден„ се задолжува МКД „Илинден„ од Риека. Прославата ќе се одржи во Голубињак, Хрватски шуми, Општина Локве. Како симбол за прославата предложено е да се испитаат можностите за изработка на марами со амблемот на Заедницата и Илинден. Исто така предложено е на МКД од Сплит, доколку ќе имаат можност и тие да присуствуваат на оваа прослава (МКД од Сплит од Советот има добиено посебни средства за прослава на Илинден во Сплит). Членови на организацискиот одбор за оваа манифестација се: И. Христодулов, В. Настески, М. Давчевски, С. Сагадин, Н. Гроздановски, М. Апостоловска и Е. Петровска;
- Манифестацијата „Одбележување на денот на издавањето на збирката на Кочо Рацин„ да се одржи во Самобор во месец ноември. Членови на организацискиот одбор за оваа манифестација се: С. Сагадин, И. Христодулов, М. Мајиќ, М. Гавровски, М. Апостоловска, М. Паризоски и Е. Петровска;
- Изложбата „Сликарство на Македонци во Хрватска„ да се одржи во Загреб во организација со МКД „Охридски бисер„. Членови на организацискиот одбор за оваа манифестација се: Н. Гроздановски, С. Сагадин, И. Христодулов, М. Гавровски, М. Апостоловска и Е. Петровска;
- Претс. С. Сагадин наредната недела да контактира со Советот за нац. малцинства и договори состанок со А. Толнауер во врска со недоделување на средства за манифестацијата „Денови на македонската култура „Кирил и Методи„ на МКД од Сплит и Монографијата „Сликарството на Никола Гроздановски – Коле„ со молба Советот да додели додатни средства и за тие програми;
- Од средствата за информирање да се подмират трошоците за „Web“ страницата и дел од останатите режиски трошоци кои ќе бидат потрошени за „Мак. глас„;
- Со средствата кои се доделени од Градскиот уред за образование, култура и спорт на Град Загреб да се одржи промоција на „Малиот македонско-хрватски и хрватско-македонски речник„ од Б. Павловски и Д. Стефанија кој излегува овие денови од печат и да се одржат промоции на книгите од Заедницата кои ќе се отпечатат оваа година.

**Ад. 5.** Во врска со „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.03.2006. godine“ за Советот, Е. Петровска рече дека е изработен и на време предаден до Советот (прилог), заедно со извештаите на друштвата, со што членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**. Притоа А. Митревски побара од Заедницата да му се доставаат извештаите од останатите друштва како друштвото од Сплит би можело во иднина својот извештај да го прави по нивните примери.

**Ад. 6.** По оваа точка Н. Гроздановски рече дека би било добро кога адм. секретерка Е. Петровска би се растеретила од работата на начин да некое друго лице ја превземе на себе функцијата секретар на Заедницата бидејќи во овој момент таа ги врши и двете функции кои бараат полно работно време, но присутните не дадоа ниту еден конкретен предлог кое лице би ја вршело таа волонтерска функција. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- На адм. секретарка да и се исплатува плата во износ од 2.500,00 кн. нето месечно заедно со сите други обврски према Законот (зголемување од 16% во однос на досегашните примања кои изнесуваа 2.150,00 кн. нето) – **со еден глас против**;
- Одлуката за зголемувањето на платата се применува од 01.05.2006. година;
- Работното време на адм. секретарка останува исто како и до сега (ефективно работно време од 4 часа дневно);
- Попис на работните задачи на адм. секретарка:
    1. Вршење на административна и секретарска работа за Заедницата: редовно превземање и праќање на пошта, давање информации телефонски и/или директно односно контактирање со деловните и сите други странки, водење на деловни книги (записник на запримена и врачена кореспонденција, книга на влезни фактури) и архивирање на документи, водење на благајничките работи, исполнување и предавање на налози за плаќање и подигање на изводи од ФИНА, припремање и пишување на дописи заедно со останатата потребна кореспонденција на хрватски, македонски и англиски јазик, познавање на компјутерска работа (MC Office, Internet), делумно познавање и вршење на сметководствена и книговодствена работа, како и вршење на сите останати работи по потреба, во согласност со горе наведените обврски;
    2. Водење на библиотеката во сопственишто на Заедницата;
    3. Продавање на книги и на други брошури и списанија кои се печатени од Заедницата и се нејзина сопственост;
    4. Одржување на просториите во кои делува Заедницата (прашина, подови...).
- Еднаш месечно или еднаш во два месеца по потреба, да се плати лице кое генерално ќе ги чисти просториите на Заедницата (исплатата да се врши преку „Студент-сервис„ или преку соодветна сметка).

**Ад. 7.** Предлогот за „Финансискиот план на Заедницата„ за период од 01.04. – 31.12.2006. год. (прилог), го изработи секретарката на Заедницата Е. Петровска и им го претстави на присутните со напомена дека е направен само оквирно по средствата кои се доделени од Советот и останатите институции по предложените програми, а дека се очекуваат уште средства од Министерството за култура на РМ и од Министерството за наука, образование и спорт на РХ. Таа нагласи дека и оваа година ќе се бараат средства и од други меродавни институции освен од Советот за нац. малцинства, па друштвата веќе би требале да почнат да размислуваат кои програми ќе ги предложат за 2007. година. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го донесоа** „Финансискиот план на Заедницата„. Исто така, **едногласно** ги донесоа и следните **одлуки:**

- На манифестацијата „Меѓународен ден на културните различности„ која ќе се одржи во Задар на 21.05.2006. година под покровителство на ОСЦЕ, Жупанија и Град Задар, како претставник на Заедницата да присуствува Н. Гроздановски со платени патни трошоци од страна на Заедницата;
- Доколку ќе дозволат средствата, на секоја позначајна манифестација која ќе ја организираат друштвата, да присуствува еден претставник од Заедницата, чии патни трошоци ќе одат на терет на Заедницата.

**Ад. 8.** По оваа точка претс. С. Сагадин им подели на присутните програма за манифестацијата „11. Денови на мак. култура во Истра„ која ќе се одржи од 24-27.05.2006. година во Пула и во кратки црти ги запозна со неа. Потоа, се подигна прашање за неправилностите во „Мак. глас„ и беа дадени неколку предлози. Претс. С. Сагадин рече дека М. Апостоловска поднесе оставка на местото главна уредничка на „Мак. глас„. Понатака Н. Гроздановски, кој даде писмена молба до УО за помош во издавањето на неговата Монографија која не беше прифатена од Советот како програм за 2006. година, се изјасни дека во меѓувреме нашол издавач, но дека не е во ред тоа што се дозволило таа да не се прифати како програм. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Не се прифаќа оставката на М. Апостоловска, со предлог да се прати квалитетот на „Мак. глас„ во идните 2-3 броја и да се работи на неговото подобрување;
- Да се напише допис до сите друштва да дадат писмено мислење за квалитетот на „Мак. глас„ до Заедницата (примедби, предлози, пофалби и сл.);
- „Мак. глас„ од бр. 45. да се печати со тираж од 800 примероци по цена од 11.321,60 кн. (зголемениот тираж од 100 примероци е наменет за распределба во Загреб);
- Не се прифаќа подмирување на патните трошоци за учеството на М. Паризоски на „2. Отворен Хрватски куп за новинари во варење на брудет„ кој се одржа од 21-23.04.2006. година во Опатија и Матуљи, бидејќи на тоа требал да присуствува дописникот на „Мак. глас„ кој бил најблиску, односно В. Настески од Риека;
- Да се исплатува посебен хонорар на лицето задолжено за коректура на „Мак. глас„ во износ од 150,00 кн;
- Се даруваат 20 примероци на книгата „Hrvatsko-makedonski odnosi kroz stoljeća“ на авторот Б. Јовановски.

Седницата заврши во **16.30** часот.

Записничарка:

Елизабета Петровска,
секретарка на Заедницата

Претседателка на Заедницата:

Славица Сагадин

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ